**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**
**KËSHILLI I PROKURORËVE PUBLIK I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

**Бр. 02-130/4**
**Скопје,21.11.2024 година.**

Записник од седма седница на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија одржана на 21.11.2024 година.

Присутни:
г-ѓа Душица Димитриеска -Претседател на Советот
г-дин м-р Башким Бесими –Заменик претседател
г-ѓа Јелена Догазанска Колева член
г-ѓа Светлана Жупаноска член
г-ѓа Марјана Илиеска член
г-дин Љупчо Коцевски член
г-ѓа Зорица Павловиќ член

Претседателот на Советот на јавните обвинители на Република Северна Макеоднија г-ѓа Душица Димитриеска констатираше дека на седницата се присутни мнозинството членови на Советот, со што беа исполнети условите за одржување на седмата седница на Советот.

Претседателот на Советот го предложи следниот дневен ред:

**Дневен ред**

1. Разгледување и оценување на Годишните извештаи на јавните обвинителства од подрачјето на ВЈО Битола.
2. Разно.

Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитиеска ја отвори седмата седница на Советот и воедно предложи дневниот ред за оваа седница биде дополнет со уште една точка и тоа: Донесување на одлука за номинирање на заменик член на Комисијата за завршен испит на Академијата за судии и јавнои обвинители. Вака дополнетиот дневен ред едногласно беше усвоен од страна на членовите на Советот.

Под точката два од дневниот ред, претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска му даде збор на Вишиот јавен оббвинител на ВЈО Битола г-дин Пецо Везироски.

Вишиот јавен обвинител на ВЈО Битола г-дин Пецо Везироски во своето излагање ги запозна членовите на Советот со содржината на

Годишниот извештај на јавните обвинителства од подрачјето на ВЈО Битола , и тоа ОЈО Битола, ОЈО Прилеп, ОЈО Охрид, ОЈО Струга и ОЈО Ресен како и со Годишниот извештај на ВЈО Битола за 2023 година. Кажа дека извештајот бил доставен до Советот на јавните обвинители на РСМ на запознавање и разгледување. Воедно детално го образложи истиот и ги запозна членовите на Советот со какви проблеми се соочуваат јавните обвинителства од подрачјето на ВЈО Битола, со структурата на криминалот во јавните обвинителтва од ова подрачје и со бројките на примени и сработени предмети, како и со бројката на предмети кои се во работа за 2023 година, со структурата на истите и се тоа искажано во бројки и проценти за секое јавно обвинителство поединечно како и за самото ВЈО Битола. Даде забелашка на работењето на јавните обвинители во ОЈО Охрид како и на јавнообвинителската служба од ова основно јавно обвинителство каде како што истакна има најголем број на заостанати и нерешени предмети и покрај неговите усни укажувања и напатствија. Воедно истакна дека јавните обвинители во основните јавни обвинителства, како и во Вишото јавно обвинителство Битола за извештајната 2023 година постапувале професионално и стручно.

Г-ѓа Зорица Павловиќ му се заблагодари на вишиот јавен обвинител на ВЈО Битола и воедно укажа на неколку технички грешки во извештајот.

Вишиот јавен обвинител на ВЈО Битола г-дин Пецо Везироски кажа дека истите ќе бидат корегирани.

Г-ѓа Јелена Догазанска Колева како координатор за подрачјето на ВЈО Битола во однос на поплаките кои беа упатени од страна на вишиот јавен обвинител кон работата на јавните обвинители од ОЈО Охрид, а се однесува на голем број на заостанати предмети, постави прашање дали јавните обвинители од ова јавно обвинителство добиваат напатствија од страна на ВЈО Битола со цел да се преземат и пориторозни мерки доколку тоа е потребно. Воедно даде забелешка и на примена на чл.43 од ЗКП во смисла дека не се применува, а во однос на предлог спогодбите се на задоволително ниво. Воедно укажа и на некои технички грешки во извештајот и предложи истите да бидат корегирани.

Вишиот јавен обвинител на ВЈО Битола г-дин Пецо Везироски се согласи со укажаните забелешки од страна на г-ѓа Јелена Догазанска Колева и кажа дека ќе бидат превземени сите можни механизми како би се подобрила состојбата со заостанати предмети во ОЈО Охрид.

Јавниот обвинител на РСМ г-дин Љупчо Коцевски постави прашање во делот на бројката на ослободителни и одбивателни пресуди особено за ОЈО Струга и ОЈО Охрид. Запраша што е причината за високиот процент, дали јавниот обвинител се има откажано од обвининие, застареност или пак постои некоја друга причина. Укажа на податокот дека состојбата во ОЈО Охрид е алармантна, и дека ажурноста на јавните обвинители не е на соодветно ниво на кое што треба да биде.

Вишиот јавен обвинител на ВЈО Битола г-дин Пецо Везироски кажа дека ќе ги провери податоците, но смета дека овие се застарени предмети од јавен обвинител кој претходно бил разрешен, додека за ОЈО Струга обвиненијата не се квалитетни и од таа причина се

одбиваат. Смета дека оваа година има подобрување откако се дојдени двајца нови јавни обвинители.

Г-ѓа Светлана Жупаноска според нејзино мислење извештајот ја прикажува реалната состојба за работењето на ВЈО Битола и основните јавни обвинителства од ова подрачје. При тоа пофали критичкиот осврт во извештајот за работата на поединечни основни јавни обвинителства и дека за дел од нив се предлага конкретни решенија за подобрување на состојбите. Воедно постави прашање во делот на институтот одговор на жалба бидејќи видно од извештајот не е користен. Исто така укажа и на некои технички грешки за кои смета дека треба да бидат корегирани.

Вишиот јавен обвинител на ВЈО Битола г-дин Пецо Везироски се сложи со констатацијата во однос на одговорот на жалба, кажа дека на јавните обвинители тоа им било укажано и дека во иднина повеќе ќе се користи тој институт.

Заменик претседателот на Советот г-дин Башким Бесими истакна дека видно од извештајот може да се увиди дека бројката на нерешени предмети во основните јавни обвинителства е висока. Исто така од тоа што го има слушнато од страна на излагачот на извештајот е незадоволството од работењето на јавните обвинители како и од стручната служба во ОЈО Охрид. За ОЈО Струга било кажано дека има висока бројка на отфрлени кривични пријави како и дека има јавни обвинители кои не одат на судења. Постави прашање што вишиот јавен обвинител има превземено и што планира во иднина да превземе за подобрување на состојбите.

Вишиот јавен обвинител на ВЈО Битола г-дин Пецо Везироски кажа дека при вршењето на контролите два пати во годината на јавните обвинители, а посебно во ОЈО Охрид им било укажувано како да постапуваат и да бидат поажурни во работењето. Потенцираше дека и покрај сите укажувања, јавните обвинители инструкциите кои ги добиваат не ги почитуваат. Со мислење е дека состојбите ќе се подобрат.

Заменик претседателот на Советот г-дин Башким Бесими смета дека би требало да се превземат поконкретни и построги мерки. Укажувањата да бидат во писмена форма, а не усни и доколку нема резултати предложи да се оди со построги мерки. Воедно кажа дека ќе гласа за усвојување на извештајот на ВЈО Битола и основните јавни обвинителства од подрачјето на ВЈО Битола.

Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитиеска му се заблагодари на ВЈО на ВЈО Битола г-дин Пецо Везироски на излагањето на Годишниот извештај. Кажа дека и покрај некои технички грешки дека истиот претставува реална слика за постапувањата на јавните обвинители од ова подрачје каде што биле забележани позитивни работи во нивното предметно работење, како и одредени слабости и пропусти. Како забелешка укажа на податокот дека нема примена на чл. 275 од ЗКП дали се дава известувања од страна на јавните обвинители за рокот за решавање или не решавање на пријавите. Исто така укажа

на податокот што се провлекува и кај други јавни обвинителства, а тоа е конфискација. Во делот на недостаток на број на јавни обвинители кажа дека таа состојба и е позната бидејќи доаѓа од ОЈО Гостивар каде исто така недостасувале јавни обвинители но проблемот со заостанати предмети бил решен. Воедно предложи на јавните обвинители од ова вишо подрачје им се даде рок за превземање на потребни дејствија. Воедно извештајот на ВЈО Битола и основните јавни обвинителства од подрачјето на ВЈО Битола го оцени позитивно.

Вишиот јавен обвинител на ВЈО Битола г-дин Пецо Везироски кажа дека некои јавни обвинители даваат писмено образложување, повеќето јавни обвинители не известуваат. Во делот на конфискација, вишиот јавен обвинител одговори дека нема ниту една. Во однос на заостанатите предмети кажа дека при вршењето на наредната контрола ќе се превземат поадекватни мерки за подобрување на состојбите со заостанатите предмети.

Откако никој не зема збор вишиот јавен обвинител на ВЈО Битола ја напушти седницата.

Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска го стави на гласање извештајот на ВЈО Битола и основните јавни обвинителства од подрачјето на ВЈО за 2023 година. Едногласно со седум гласа ЗА беше усвоен Годишниот извештај на Вишото јавно обвинителство Битола за 2023 година со подрачните основни јавни обвинителства.

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија согласно член 9 алинеа 13 од Законот за Советот на јавните обвинители го разгледа и позитивно го оцени Извештајот за работа на ВЈО Битола, со подрачните основни јавни обвинителства ( Битола, Прилеп, Охрид, Струга и Ресен) во 2023 година.**

Под точката два од дневниот ред, претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска ги запозна членовите на Советот со дописот доставен до Советот на јавните обвинители од страна на АСЈО, во кое од Советот се бара да номинира заменик член на Комисијата за завршен испит. Кажа дека АСЈО доставила список листи на јавни обвинители кои се ментори или пак учествуваат во некоја Комисија во АСЈО и од остварениот контакт било изнајдено решение. Воедно даде предлог за заменик член на Комисијата се номинира јавниот обвинител во ОЈО Скопје г-дин Анел Фидески.

Предлогот на претседателот на Советот едногласно беше усвоен од страна на членовите на Советот.

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на РСМ донесе одлука со која го номинира јавниот обвинител во ОЈО Скопје Анел Фидески за заменик член на Комисијата за завршен испит на Академијата за судии и јавни обвинители.**

Под точка разно никој не зема збор по што Претседателот на Советот г-ѓа Душица Димитриеска ја заклучи седмата седница на Советот.

Записникот го водел,
Генерален Секретар
Аспарух Мисајловски

**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Претседател**
**Душица Димитриеска**